ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# Заклучоци од вториот годишен форум за ДСГ

Форумот е одржан на 14 Јуни, 2011 во амфитеатарот на деканатот на Медицинскиот факултет во Скопје. Хотел Арка во Скопје, во присуство на поканети претставници од јавните здравствени установи, Министерство за здравство, и Медицинскиот факултет.

Форумот беше организиран во два панели со следните теми и предавачи согласно агендата:

## *Панел 1: Преземени чекори, примена и ДСГ годишен извештај за 2010 година*

12.30-12.50 Имплементација на ДСГ акциски план и реализирани активности во изминатата година, м-р Маја Парнарџиева Змејкова, Директор на ФЗОМ

12.50-13.10 Презентација на годишен извештај за ДСГ за 2010 година, Д-р Игор Неловски, советник во ФЗОМ

13.10-13.30 Користење на податоците од ДСГ груперот, Д-р Наташа Велкова, републички контролор инспектор

## *Панел 2: Примена на ДСГ во здравствените установи во Р Македонија*

14.00-14.20 Презентација на примена на ДСГ на клиника, Д-р Сашо Јовчевски, директор на Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство

14.20-14.40 Презентација на примена на ДСГ на клиника, Проф. д-р Александар Чапаровски, директор на Универзитетска клиника за неврохирургија

14.40-15.00 Презентација на примена на ДСГ во специјална болница, Д-р Гоце Бузалков, директор на Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза - Јасеново

15.00-15.20 Презентација на примена на ДСГ во општа болница, Љубица Тодорова, сектор за информатика во Општа болница Кочани

Како заклучоци од презентациите и главните препораки на презентерите можат да се наведат следните точки:

- ДСГ системот може да се користи **како одлична алатка**:
    - o за контрола од страна на Фондот, меѓутоа и од страна на директорите на болниците,
    - o менаџирање од страна на директорите на болниците,
    - o научно истражувачка дејност од страна на болниците, МЗ, Фондот и останатите научно истражувачки институции.
- Преку правење на анализи на поединечни ДСГ кодови секоја установа може **да се спореди со другите установи во земја и регионот** и да оцени колку е ефикасна во обезбедување на своите услуги така што ќе ги спореди податоците за бројот на направените ДСГ услуги, просечниот престој на пациентот и нивото на комплексност на определените ДСГ.
- Сите презентери се согласија дека ДСГ системот овозможи **подобрување на ефикасноста во болниците** од аспект на обезбедување на податоци за здравствени услуги кои што сега можат да се следат по вид, по обем, по комплексноста, по главна дијагностичка категорија, по главни и помошни процедури,по одделенија, по просечен престој во болницата, по лекари и по останати параметри во зависност од потребите на болниците;
- ДСГ системот обезбедува и **добра база на податоци за подобро планирање на здравствени услуги на годишно ниво** пред преговорите со Фондот. Соодветно на изведените услуги во претходната година и капацитетот во новата година од аспект на вработените лекари, нивната специјализација и ново обезбедената опрема, болниците имаат можност да планираат здравствени услуги на годишно ниво како завршени епизоди на лекување и согласно неопходноста на истите и инциденцата на определени заболувања да преговараат и договараат со Фондот за видот и обемот на услугите;
- Од друга страна преку овие податоци болниците можат **да ја подобрат својата интерна организација** и да планираат оптимален број на легла по одделенијата во согласност со податокот за нивната

искористеност и бројот на различните видови на интервенции. При планирањето на услугите болниците можат подобро да ја планираат и листата на чекање, со определување на критериуми за прием на итните пациенти и распоред за интервенции на останатите пациенти;

- ДСГ податоците се одлична алатка и за **планирање на потрошувачката на ресурсите по одделенија** и соодветно на тоа споредба на ефективно чинење на поедини пациенти, споредба со стандардната цена на чинење и преземање на мерки за зголемување на ефикасноста по одделенијата или преземање на иницијатива за промена на определените цени во Фондот;

- Бидејќи преку ДСГ податоците **можат да се следат услугите по одделенијата и соодветно потрошувачка на ресурсите**, можат подобро да се планираат набавките на потрошни материјали и лекови, нивната дистрибуција по одделенија и чување на оптимално ниво на залихи како на одделенијата така и во болничките аптеки;

- Со цел да се обезбеди подобра организација и поквалитетни услуги во болниците **треба да се донесат медицински протоколи и клинички патеки за лекување на различни типови на заболувања, како и процедури за работа** за лекарите и медицинскиот персонал. Со воведување на протоколите и процедурите ќе се создадат услови за подобро лекување на пациентите во болниците и намалување на ризици од несоодветно лекување и негување на пациенти;

- ДСГ извештајот и податоците за видот на здравствени услуги и процедури кои се вршат во болниците може да се користи и од страна на МЗ за определување кои услуги се најпроминентни и **кои услуги треба да дополнително да се развијат како и при планирање на набавките на новата опрема** и нејзиното распоредувањето во болниците;

- Се отвори прашањето за отворање на **посебен центар за нега на болните** со што ќе се обезбеди продолжено негување во болнички услови на оние пациенти кај кои е завршено лекувањето во клиниките, а неопходно е да останат во болнички услови со цел доизлекување и медицинска нега. Со обезбедување на вакви центри дел од хируршките клиники би можеле да ги пренасочат своите

пациенти на понатамошна нега со што истовремено би се обезбедило насочување на лекарите од клиниките кон покомплексни клинички случаи и  можност за лекување на новите пациенти кои се на листа на чекање;

- Да се планира воведување на **трим деновите** во наредниот период преку кои ќе се обезбеди поинакво вреднување на здравствените услуги во зависност од различниот престој во болниците. За воведување на трим деновите неопходно е да се вклучат повеќе стручни установи како што се Републички институт за јавно здравје и Медицински факултет;

- Со воведување на посебно поле за внесување на податоците за лекарот кој е задолжен за пациентот во ДСГ системот директорите **ќе можат да ја следат и работата на лекарите** и начинот на дијагностицирање и лекување на нивните пациенти;

- Во болниците, покрај директорите **и началниците на одделенија треба да се запознаат за ДСГ системот и да ги следат здравствените услуги во своите одделенија**, секој од нив треба да ефективно да ги следи услугите на своето одделение и да обезбедува податоци до директорот околу обемот на услугите, рационалната потрошувачка на ресурсите и предлог мерки за подобрување и унапредување на работата во болницата;

- Со цел да обезбеди подобра информираност и едукација на менаџментот и лекарите во болниците, Фондот планира да организира **тематски работилници за примена на ДСГ во болниците** со што ќе ја доближи примената на ДСГ во пракса;

- Со **централизација на системот и обезбедување на ИТ опрема во сите болници** ќе се обезбеди подобра база на податоци, прегледност на потрошувачка на ресурси и извршени здравствени услуги, и на тој начин значително ќе се олесни менаџирањето на болниците и носење на правилни и засновани одлуки за идниот развој на методите на лекување и унапредување на медицинската грижа на пациентите.

Изготвил:

М-р Татјана Лукановска

Директор на Сектор за финансиски прашања